**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК

## за IX одделение

**Скопје, 2024 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Италијански јазик |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | IX (деветто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Слободно време***<br>• ***Пошироко окружение***<br>• ***Здравје и здрав живот***<br>• ***Моите идни планови*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | - компјутер, печатач, проектор, табла, ЦД/ДВД-плеер, интерактивна табла;<br>- нагледни средства, постери, фотографии, слики, предмети, флеш-карти, налепници, хартија, хартија во боја, хамер, ножици, лепак, дрвени боици, фломастери и сл.<br>- учебник, прирачници, речници, списанија, стрипови (печатени и онлајн)... |
| **Норматив на наставен кадар** | - студии по италијански јазик и литература - наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по италијански јазик и книжевност - наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по италијански јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска наобразба (доквалификација) за настава по италијански јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- двопредметни студии по македонски и италијански јазик, VII/1 или VIA според МРК и |

DRAFT

| | |
|---|---|
| | 240 ЕКТС;<br>- студии по италијански јазик и литература/книжевност - друга насока во комбинација со друг јазик и со здобиена соодветна педагошко - психолошка и методска наобразба (доквалификација) за наставата по италијански јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| II-А.12 | да разбере изрази и најчесто употребуван вокабулар кој се однесува на области од најнепосредна лична важност (на пример, основни лични и семејни информации, купување, исхрана, здравје, околина); |
| II-А.13 | да ја сфати главната поента во куси, јасни, едноставни пораки и соопштенија; |
| II-А.14 | да  чита куси, едноставни текстови и да разбере куси, едноставни пораки во рамки на позната тематика; |
| II-А.15 | да најде конкретни информации во едноставни секојдневни материјали (реклами, проспекти, менија, возни редови и сл.); |
| II-А.16 | да комуницира во едноставни и рутински ситуации кои бараат едноставна и директна размена на информации за познати теми и активности; |
| II-А.17 | да иницира и да учествува во куси конверзации на позната тематика; |
| II-А.18 | да користи низа изрази и реченици за да ги опише, со едноставни зборови, семејството и другите луѓе, животните услови, интересите и секојдневните активности; |
| II-А.19 | да напише куси, едноставни белешки и пораки кои произлегуваат од секојдневната  потреба. |
| II-А.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не ја  попречуваат комуникацијата; |
| II-А.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила; |
| II-А.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| II-Б.1 | преку изучување  друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и се развива можноста за комуникација со припадници на различни културни/јазични групи; |
| II-Б.2 | со  познавањето повеќе јазици се олеснува пристапот до ресурси кои се корисни за совладување на други наставни |

| | |
|---|---|
| | предмети/содржини; |
| II-Б.3 | преку изучувањето  други јазици се развива интерес и почит за различни јазици и култури; |
| II-Б.4 | преку изучувањето други јазици се развива почит за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:
**Дигитална писменост**:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин е потребно и ефективно користење на ИКТ за решавање на некоја задача/проблем; |
| IV-А.4 | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби. |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| IV-А.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор да ги почитува различните учесници и да ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава. |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои  се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибернасилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за добро на луѓето. |

**Личен и социјален развој**:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| V-A.1 | да разликува здрав од ризичен животен стил кога се работи за сите сфери на живеење (вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности и сексуално однесување); |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го приспособи сопственото однесување во иднина; |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |

DRAFT

| | |
|---|---|
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува кон решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |
| V-Б.6 | успехот во животот во голема мера зависи од целите кои ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |

**Општество и демократска култура**:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.); |
| VI-А.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно дејствување во заедницата; |
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| VI-А.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.); |

| | |
|---|---|
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата; |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество. |

**Техника, технологија и претприемништво**:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |
| *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* | |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима. |

**Уметничко изразување и култура**:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко окружение и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| VIII-А.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предрасудите кон припадниците на другите културни групи кои се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.4 | културната разноликост влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |

| | |
|---|---|
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

<table>
<tr><td colspan="2">Тема 1: СЛОБОДНО ВРЕМЕ<br>Вкупно часови: 22</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резултати од учење:<br>Ученикот / ученичката ќе биде способен /-на да:<br>1. Разбере глобално и детално краток слушнат и/или пишан текст со опис на доживувања, ситуации, состојби и повторливи дејства од минатото;<br>2. Побара / даде информации, усно, за минати активности;<br>3. Опише усно, во краток текст, доживувања, ситуации, состојби и повторливи дејства од минатото;<br>4. Размени информации за користењето на модерните технологии во слободното време.</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими):</td><td>Стандарди за оценување:</td></tr>
<tr><td>а) Говорни чинови:<br>• Опишување минати активности од слободното време;<br>• Барање/давање информации за минати активности;<br>• Барање/давање информации, преку порака/пријателско писмо, за активности од</td><td>• Разбира слушнат и/или пишан текст со опис на минати активности, доживувања, ситуации од слободното време ;<br>• Поставува едноставни прашања/одговара за минати активности според даден модел;<br>• Разменува информации за минати активности;<br>• Опишува усно, со едноставни изрази, доживувања, ситуации, состојби и повторливи дејства од минатото;</td></tr>
</table>

DRAFT

| | |
|---|---|
| слободното време;<br><br>• Барање/давање информации, во усна интеракција, за користењето модерни технологии во слободното време. | • Составува реченици/ краток текст со опис на доживувања, ситуации, состојби и повторливи дејства од минатото;<br>• Употребува соодветни изрази за пишување електронска порака/ пријателско писмо;<br>• Составува порака/ пријателско писмо со опис на активности од слободното време;<br>• Разменува информации, во усна интеракција, за користењето модерни технологии во своето слободно време. |
| б) Лексички единици:<br>• Активности од слободното време:<br>- одмор и патување: *vacanze, viaggio, mezzi di trasporto, previsioni meteorologiche, impressioni;*<br>- забава на младите: *musica, concerto, spettacolo, film, arte, lettura …;*<br>• Модерни технологии : *tecnologie moderne, Internet, reti sociali, comunicare tramite reti sociali, postare una foto, navigare, inviare un messaggio/una mail, una lettera, ….* | • Разбира и набројува поими и изрази што означуваат активности од слободното време;<br>• Пренесува значење на зборови и изрази поврзани со активности од слободното време;<br>• Употребува поими и изрази, при усно искажување, поврзани со минати активности од слободното време;<br>• Разбира и именува поими поврзани со модерната технологија;<br>• Употребува поими и изрази, во едноставни реченици, поврзани со модерната технологија;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази при комуникација преку електронска порака/пријателско писмо. |
| в) Граматички содржини:<br>• Повторување и продлабочување на содржините од наставните програми за претходните одделенија :<br>- фонетика (изговор и правопис ),<br>- морфологија (член, именка, придавка, заменка, | • Разликува и правилно изговара одредени гласови карактеристични за италијанскиот јазик во зборови, ритмички групи, реченици;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Се изразува  со доволно правилен изговор за да биде |

DRAFT

| | |
|---|---|
| предлози, прилози, глаголски времиња и начини).<br><br>• Нови содржини:<br>- Придавки (Aggettivi)<br>-неопределени (indefiniti): *ogni, tutto/a/i/e, qualche, alcuni/e, quale, altro/a/i/e, parecchio/parecchia, parecchi, parecchie*:<br>*Ogni mattina faccio qualche attività fisica. Mi piacciono tutti gli sport. Andiamo in piscina un altro giorno. Alcuni film sono noiosi.;*<br>-gli aggettivi indefiniti negativi*: nessuno/a, alcuno/a:*<br>*Non c'e' nessuna differenza fra questi attori. Non ho visitato alcun museo.;*<br>- Заменки (Pronomi) :<br>-неопределени (indefiniti): *ognuno/a, qualcuno/a, alcuni/e, altri/e, tutto/i:*<br>*Qualcuno preferisce fare una corsa all'aria aperta. Ognuno sceglie il passatempo che preferisce*.;<br>-релативни (relativi): *che, di cui, dove:*<br>*Stasera guarderà il film di cui mi hai parlato. L'albergo dove alloggio è molto carino.;*<br>- Глаголски времиња и начини (Tempi e modi verbali):<br>-минато определено свршено време (passato prossimo):<br>*L'anno scorso sono stato a Firenze*.;<br>-минато определено несвршено време (imperfetto)<br>*Da bambino andavo sempre in vacanza al mare*.;<br>- Прилози (Avverbi) | разбран/-а;<br>• Ги употребува релативните заменки *che*, *di cui* и *dove* во дадени контексти;<br>• Ги употребува најчестите предлози во едноставни реченици;<br>• Ги препознава и ги употребува неопределените заменки: ciascuno, *qualcuno, alcuni, tutto;*<br>• Ги препознава и ги употребува формите на минато определено свршено време (passato prossimo) и минато определено несвршено време (imperfetto);<br>• Ги употребува прилозите за време, место и начин: *ieri, avantieri, ogni tanto, sempre, spesso, raramente, di solito*, во едноставни реченици. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| -за време, место, начин (di tempo, di luogo, di modo) :<br>*ieri, prima, oggi, prima, più tardi, di solito, ogni tanto, sempre, raramente, mentre, quando, velocemente, finalmente:*<br>*Prima faccio un po' di ginnastica, dopo mi preparo per uscire con gli amici. Dopo una camminata di quasi tre ore, siamo arrivati finalmente a destinazione.*<br>- Сврзници (Congiunzioni): *e, o, anche, ma*:<br>*Vado in una città piccola ma molto bella.* | |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Слободното време на младите во Италија и во Македонија;<br>• Младите и модерните технологии. | • Ги воочува и ги искажува сличностите и разликите на активностите од слободното време на младите во Италија и во Македонија;<br>• Разменува мислење за местото на модерните технологии во животот на младите. |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Вообичаени активности за почнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден во неделата на табла и во тетратка, пеење претходно научена песничка.
- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за италијанскиот јазик. Пр. повторување кратки искази по слушнат модел.
- *Вовед во темата.* Учениците гледаат видео, по избор на наставникот, на тема *Одмор*. Потоа одговараат на прашања поставени од наставникот за темата на видеото, за личностите, местата и активностите.
- *Умна мапа за минато определено свршено време.* Учениците, на табла, заеднички прават умна мапа за повторување на образувањето на минато определено свршено време.

DRAFT

- *Testo di canzone a buchi.* Учениците слушаат песна (Пр.: *Dove ho visto te – Jovanotti*). Потоа дискутираат за содржината на песната. Наставникот дели работни листови со текстот на песната со празни места, и со глаголи во инфинитив во заграда. Учениците ги пополнуваат празните места со соодветните глаголски форми во *passato prossimo*. Повторно се слуша песната со паузи и се прави заедничка проверка на одговорите.
- *Најди го точниот израз.* Учениците добиваат работен лист со прашања и одговори на заокружување, преку кои се потсетуваат на вокабуларот и го раскажуваат нивниот одмор. Пр.: *Dove sei stato/a in vacanza? Sono stato… -al mare,/- in montagna /- al campeggio/- al lago,…*
- *Trovate qualcuno che* … Учениците добиваат табела во која се напишани зборови/искази на тема *Одмор*. Пр.: Trovate qualcuno che : *ha viaggiato in pullman/in aereo/ in macchina/ in treno, ha nuotato/ ha giocato all pallacanestro*. Учениците се движат слободно во училница. Им поставуваат прашања на соучениците за да го најдат оној кому му одговара соодветниот исказ. Потоа, секој ученик кажува по една реченица со која ја опишува активноста на соученикот/ соучениците до исцрпување на зборовите и изразите од табелата. Пр.: *Igor ha viaggiato in macchina/ Sara ha nuotato.*
- *Доаѓање до правилото.* Учениците читаат текст во кој глаголите се дадени во *imperfetto*, ги издвојуваат глаголите, ги читаат, а наставникот ги запишува на табла. Потоа учениците даваат претпоставки за начинот на образување *imperfetto* и со помош на наставникот го откриваат правилото.
- *Вежба со поврзување*. Дадени се две колони. Во првата колона се напишани лицето и основата на глаголот, а во втората колона наставките за *imperfetto*. Учениците ги поврзуваат елементите од колоните за да добијат правилна личноглаголска форма.
- *Che tempo faceva quando eri in vacanza*? Учениците преку постер се потсетуваат на изразите за временските услови и кажуваат какво било времето додека биле на одмор.
- *Впечатоци од одмор*. Учениците добиваат лист на кој се запишани изрази за искажување импресии во две колони. Во првата колона се запишани на италијански јазик а во втората на мајчин јазик. Учениците, во парови, ги поврзуваат изразите од двете колони. На крај се прави заедничка проверка. Потоа искажуваат импресии за нивниот одмор.
- *Storia illustrata a buchi "Le vacanze di Francesco"*. Учениците добиваат работен лист со слики и реченици кои ги дополнуваат со заменките. (Пр.: *Questa è la città dove ho passato le vacanze. Questi sono gli amici che ho incontrato. Questa è la spiaggia di cui vi ho parlato.*)
- *Состави реченица*. Учениците подредуваат зборови според правилен редослед за да добијат реченица во која е употребена релативна заменка. Активноста се повторува неколкупати со различни зборови/реченици. Групата која најбрзо ќе ги подреди зборовите, ги презентира речениците. Потоа, доколку е потребно, заеднички ги коригираат со наставникот.

- Пополнување празни места во табели и реченици со соодветни лексички единици и граматички содржини.
- Учениците, во парови, усно, разменуваат информации за својот одмор. Потоа неколку парови на ученици излегуваат на табла и ја повторуваат активноста.
- Учениците читаат даден текст во кој ги подвлекуваат зборовите поврзани со темата *Забава на младите*. На табла, заеднички креираат умна мапа за лексиката на темата. Наставникот дополнува со други зборови поврзани со темата.
- Учениците именуваат слики поврзани со активности од слободното време, прикажани на проектор или на табла, а потоа одговараат на прашања од наставникот. Пр.: *Vi piacciono le uscite con gli amici? Cosa vi piace fare? Qual è l'ultima attività che avete fatto?*
- *Proponete un'uscita.* Учениците пишуваат кратки пораки со предлог за активност за викенд. Пр.:*Salve, vorresti andare al concerto questo fine settimana?/ …………………..*?
- *Електронска порака.* Учениците читаат дадени примери на електронски пораки во кои се употребени кратенки на зборови. Даваат препоставки за значењето.
- Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, меморија, осумнасочник, парови, точно/неточно, квиз… (креирани од наставникот или веќе постоечки на страниците на: Liveworksheets, WordWall, LearningApps, Kahoot).
- *Најмногу реченици*. Работа во три групи. Учениците по групи пишуваат реченици на тема *Активности во слободно време*. Потоа секоја група му ги предава на наставникот ливчињата со составените реченици. Групата со најмногу составени реченици е победник.
- *Ai miei tempi*……. Наставникот подготвува работен лист со текст со измешани параграфи во кој бабата ѝ раскажува на внуката настани од минатото поврзани со одредена возраст. Учениците, врз основа на информациите, имаат задача хронолошки да ги подредат параграфите. Пр.: Sono nata …., in quel periodo non c'erano…., quando avevo 6 anni …
- *Crucipuzzle con pronomi e aggettivi indefiniti*. Да се пронајдат и обележат дадените зборови сокриени во мрежата.
- *Scegliere l'avverbio*. Учениците го бираат и да го заокружуваат точниот прилог во реченицата.
- *Бележење зброоци по слушање дијалог*. Наставникот им дели работни листови со зборови од доменот на технологијата и им пушта на учениците снимен дијалог. Учениците го слушаат дијалогот и на листовите ги означуваат зборовите што ги слушнале.
- Учениците индивидуално, со едноставни реченици, опишуваат некоја ситуација или дејство од минатото.
- Учениците гледаат видео на тема: *Модерните технологии во секојдневниот живот на младите.* Во тетратка ги запишуваат зборовите со транспарентно значење. Потоа ги кажуваат, а наставникот ги запишува на табла. По второто гледање ги воочуваат

останатите средства од модерната технологија прикажани во видеото и ги запишуваат соодветните поими, во тетратка, на мајчин јазик. Ги кажуваат, а наставникот ги запишува на табла, во првата колона од дадена табела. Во втората колона од табелата ги запишува, со измешан редослед, соодветните поими на италијански јазик. Учениците даваат претпоставки за нивното значење преку поврзување на поимите од двете колони.  Накрај, заеднички доаѓаат до значењето на зборовите и изразите поврзани со темата.

- Учениците поврзуваат слики со соодветни зборови што означуваат средства и активности поврзани со модерната технологија (на работен лист или на интерактивна табла).
- Учениците добиваат работен лист со табела во која вертикално се дадени зборови и изрази кои означуваат активности на интернет и активности од слободното време, а хоризонтално прилози за време (*di solito, ogni tanto, sempre, raramente*). На листот означуваат, во соодветното квадратче, колку често одат во кино или гледаат видеа на интернет.  Потоа учениците, еден по друг, кажуваат по една реченица.
- Учениците дискутираат на мајчин/италијански јазик дали, за каква цел и колку често користат модерни технологии: кои апликации, веб страни, игри, кратенки итн.

- Слушање/читање со разбирање многу краток текст и одговорање на прашања од типот: *Chi? Che cosa? Quando? Come? Dove?*, точно/неточно (vero/falso), отворени прашања, прашања за поврзување информации или прашања со повеќечлен избор, класификување примери од двете минати времиња во табела.

*A: Dove sei andato in vacanza?*
*B: Sono stato a Taormina  un mese  fa. Ho viaggiato con i miei amici e ho passato dieci giorni da sogno!*
*A:Com' è stato il viaggio?*
*B: Siamo partiti in aereo da Milano e siamo atterrati a Catania, da lì abbiamo preso l'autobus e siamo andati all'albergo.*
*A: Che cosa hai fatto durante le vacanze?*
*B: Mi sono divertito moltissimo. Di giorno facevo escursioni, ho visto delle spiagge bellissime, ho anche assaggiato cibi tipici e di notte andavo alle feste e partecipavo ai giochi organizzati sulla nave. È  stata una vacanza indimenticabile e molto divertente!*

*Cara Maria,*
*Sono tornata dalle vacanze studio da Siena dove ho frequentato un corso d'italiano. Ho passato due settimane meravigliose e ho conosciuto tante persone fantastiche. Ogni mattina avevamo lezioni di lingua italiana, e ogni sera andavamo a mangiare piatti tipici della cucina toscana. Ho visitato tutta la città con i suoi palazzi eleganti e le sue piazze incantevoli. Mi è piaciuta molto la Piazza del*

*Campo. Sono andata anche a Firenze e a Pisa. Sono stata benissimo.*
*Un abbraccio.*
*Antonia.*

- Усно изразување:

  *-Ho passato le vacanze a Gallipoli, in Puglia con i miei amici. Faceva molto caldo, ma il mare era pulito e meraviglioso. Lì abbiamo conosciuto tanti amici nuovi. Ci siamo divertiti tantissimo insieme. Tutto sommato è stata un'estate bellissima.*
- Усна интеракција:

  *- Marco, dove hai trascorso le vacanze? - Sono stato al mare.*
  *- Con chi sei andato in vacanza? - Con i miei amici.*
  *- Cosa facevi durante le vacanze?- Nuotavo, esploravo fondali marini, prendevo il sole, facevo lunghe passeggiate, le foto, navigavo su internet, assaggiavo i cibi tipici…*

- Писмено изразување: Ученикот пишува писмо до пријател/ка од Италија во кое го раскажува својот одмор.
- Проектна задача. Учениците, во групи, истражуваат кои се омилени активности во слободно време на младите во Италија. Потоа, ги споделуваат, ги селектираат информациите и заеднички изработуваат постер на кој лепат сликички и пишуваат под нив соодветни поими и изрази. На истиот начин, изработуваат постер на кој се прикажани нивните омилени активности од слободното време. Двете изработки ги изложуваат во училница.
- Учениците дискутираат за сличностите и разликите на активностите од слободното време на младите во Италија и во Македонија.
- Активности за увежбување на изговорот и за развивање комуникативна компетенција кај учениците: читање на глас, конверзација на италијански јазик, играње улоги, драматизации.

**Тема 2: ПОШИРОКО ОКРУЖЕНИЕ**
Вкупно часови: 18

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. Разбере глобално слушнат и/или пишан текст со опис на населено место;
2. Побара и даде информации за насоки на движење и просторно ориентирање;

3. Го опише своето окружение, усно и во краток едноставен текст.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Говорни чинови:<br>• Опишување на своето пошироко окружение (град, населба, улица, село);<br>• Барање/давање информации за насоки и правец на движење и просторно ориентирање. | • Разбира зборови и искази од слушнат и/или пишан текст со опис на населено место;<br>• Набројува поими и ги користи во едноставни реченици за опишување на своето окружение: објекти, институции, …;<br>• Составува краток едноставен текст со опис на своето окружение;<br>• Користи план на населено место за да праша и да објасни просторно ориентирање;<br>• Бара/дава информации за насоки на движење во населено место. |
| б) Лексички единици:<br>• Објекти и институции во населено место: *la città, la scuola, l'ospedale, la banca, il centro commerciale, la posta, il negozio, il mercato,  la farmacia, il cinema, il teatro, lo stadio, il monumento, l'albergo,  la piazza,il ponte,  il marciapiede, la strada, il viale, il parco comunale, il traffico;*<br>• Превозни средства во населено место: *I mezzi pubblici, l'autobus, il tram, il metrò (la metropolitana), il taxi, la macchina, il motorino, la bicicletta, il monopattino elettrico, gli orari, la linea, la stazione, la fermata;*<br>• Насока и правец на движење и просторно ориентирање: *andare dritto, continuare dritto, girare a sinistra/a destra, attraversare una piazza/un ponte /una strada, prendere la prima strada a sinistra/a destra, seguire le indicazioni stradali, prendere l'autobus/il taxi,il* | • Идентификува и употребува зборови и изрази кои означуваат објекти и институции во населено место;<br>• Идентификува и употребува зборови и изрази кои означуваат превозни средства;<br>• Идентификува зборови и изрази за лоцирање во простор и употребува во едноставни реченици;<br>• Идентификува и употребува зборови и изрази за искажување насока на движење;<br>• Пренесува значење на зборови и изрази поврзани со опис на населено место;<br>• Идентификува и употребува зборови и изрази со кои се опишува населено место. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| *metrò;*<br>• Опишување населено место: *tranquillo, moderno, rumoroso, piacevole, largo, stretto, bello…* | |
| в) Граматички содржини:<br>• Повторување и продлабочување на содржините од наставните програми за претходните одделенија :<br>- фонетика (изговор и правопис );<br>- морфологија (член, именка, придавка, заменка, предлози, прилози, глаголски времиња и начини);<br>- реченици (расказна: потврдна и одречна, прашална, извична.<br><br>• Нови содржини:<br>- Заменки (Pronomi):<br>-релативни (relativi): *che, di cui, dove* ;<br>- Глаголски времиња и начини (Tempi e modi verbali):<br>-заповеден начин (imperativo) од глаголите кои се користат за искажување насока и правец:<br>*Per andare al cinema Fenice prendi la strada Cavour e poi al primo incrocio gira a destra*!;<br>- Прилози (Avverbi):<br>-за место (di luogo): *qui, qua, lì, là, lontano, vicino, dietro, davanti, di fronte ...* :<br>*La scuola è qui di fronte. È molto lontano il centro commerciale?* | • Разликува и правилно изговара одредени гласови карактеристични за италијанскиот јазик во зборови, ритмички групи, реченици;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран/-а;<br>• Ги употребува формите на прилошките заменки (pronomi avverbiali): ci;<br>• Ги употребува релативните заменки во даден контекст;<br>• Ги употребува прилози за место: qui, lontano, vicino, dietro, davanti, di fronte...;<br>• Употребува соодветни глаголски форми во заповеден начин при искажување движење во насока и правец. |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Населбите и населените места (градови и села) во Италија;<br>• Планот/мапата на Рим и местоположба на | • Ги препознава и разликува сличностите и разликите помеѓу населените места во Македонија и во Италија;<br>• Gи препознаваат најпознатите знаменитости во Рим и ги покажува на план на градот. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| најпознатите културно-историски знаменитости на градот. | |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Вообичаени активности за почнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден во неделата на табла и во тетратка, пеење претходно научена песничка.
- Воведување во темата. Учениците ја слушаат песната *Il ragazzo della via Gluck* и го гледаат видеоспотот. Одговараат на прашања од наставникот типот: *Dove viveva il ragazzo prima? Dove vive adesso?*
- *Доаѓање до значењето*. Учениците ја слушаат песната *ll ragazzo della via Gluck* го гледаат видеоспотот (без текст), ги изделуваат зборовите кои означуваат објекти во населено место и ги запишуваат во тетратка. Го гледаат видеото повторно (со текст и со паузи) потоа ги кажуваат зборовите што ги запишале. Преку давање претпоставки за значењата и со помош на разни техники, заеднички со наставникот доаѓаат до значењето на зборовите.
- *Attività di abbinamento.* Учениците поврзуваат слики со зборови кои означуваат места и објекти во населено место (на работен лист, на картички или во претходно подготвени вежби на онлајн апликации (LearningApps, Wordwall).
- *C'è/ Ci sono*. На постер или на проектор е прикажан план на град. Учениците набројуваат објекти што ги има во градот. Пр.: *Nella città ci sono tre farmacie, c'è una posta e un mercato, poi ci sono due scuole e c'è un ospedale.*
- *Nella mia città/ nel mio quartiere/nel mio paese c'è/ non c'è …* Учениците се поделени во неколку групи. Секоја група набројува објекти, институции што ги има и што ги нема во нивното место на живеење.
- *Indovinare.* Учениците дополнуваат реченици со зборови.Пр.: *Andiamo lì per vedere un film./Andiamo* ________ *a vedere un film*.; *Andiamo lì per comprare la frutta.* ______*/ Andiamo lì quando siamo malati .* _________
- *Crucipuzzle - Mezzi di trasporto*. Учениците добиваат работен лист со слики од превозните средства и осумнасочник во кој ги заокружуваат зборовите кои одговараат на сликите.
- *Употреба на заменката „ci"* . Наставникот покажува слики од објекти или градови и поставува прашања од типот: *Come vai a scuola?*, на кои учениците одговараат по даден пример : *Ci vado in autobus.*
- *Описни придавки.* Учениците во парови читаат текст со опис на место или град и ги подвлекуваат описните придавки. Наставникот ги запишува на табла, учениците даваат претпоставки, а потоа преку разни техники (мимики, слики, синоними,

DRAFT

антоними, објаснување итн.) заеднички со наставникот доаѓаат до значењето на придавките.

- *Il quartiere dove abito*… Учениците ја дополнуваат реченицата со придавки за опишување населено место. Потоа на истиот начин опишуваат населби во кои живеат нивни пријатели, роднини. Пр.: *Il quartiere dove abita mio cugino è molto pulito.*
- *La città che mi piace visitare è…* Учениците ја дополнуваат реченицата со градови што сакаат да ги посетат. Пр.: *Il posto di cui ti ho parlato è …* Учениците ја дополнуваат реченицата со описни придавки.
- *Откривање на значењето*. Наставникот со помош на движења / гестови/ слики ги објаснува изразите за искажување насока на движење. Учениците даваат претпоставка за значењето на мајчин јазик.
- *Патот до училиште*. Учениците го опишуваат патот по кој се движат за да стигнат од нивниот дом до училиште.
- *Dov'è l'aula d'italiano?* Учениците во парови или мали групи пишуваат дијалог, а потоа играат по улоги ситуација во која прашуваат и објаснуваат каде, тргнувајќи од главниот влез на училиштето, се наоѓаат: училницата по италијански јазик или училниците по други предмети, спортската сала, библиотеката, кантината и др.
- *Точна дестинација.* Учениците добиваат работен лист со план на град. Во парови подготвуваат краток текст во кој објаснуваат како да се стигне од одредена точка до некој објект. Потоа секој пар го чита текстот, а останатите ученици треба да погодат, ако точно ги следеле насоките, до кој објект стигнале.
- *In città*. Учениците заеднички креираат умна мапа со зборови и изрази од темата.
- Учениците гледаат видеозапис со знаменитости во Рим и на работен лист ги поврзуваат дадените слики со соодветните зборови кои означуваат знаменитости.
- Драматизација на замислена ситуација за барање и давање информации за насока при посета на Рим..
- Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, меморија, осумнасочник, парови, точно/неточно, квиз… (креирани од наставникот или веќе постоечки на страниците на: *Liveworksheets, WordWall, LearningApps,* Kahoot).
- *Меморија.* Наставникот однапред подготвува картички за објекти и институции во населено место. Учениците се делат во групи и имаат можност да бираат картички и да го најдат парот. Победник е онаа група која ќе пронајде најмногу парови.

- Слушање/читање со разбирање на многу краток текст и одговарање на прашања од типот: *Chi? Che cosa? Quando? Come? Dove?,* точно/неточно (vero/falso), отворени прашања, прашања за поврзување информации или прашања со повеќечлен избор.

*A: Scusi, Signora, quale autobus devo prendere per arrivare in piazza San Silvestro?*
*B: Può prendere il 52.*

*A: Passa di qui?*
*B: No, credo di no. Comunque passa qui vicino, in piazza Barberini.*
*A: Piazza Barberini? E come ci arrivo?*
*B: Deve andare sempre dritto fino al primo semaforo e poi girare a destra in via Sistina. Al secondo incrocio deve girare a sinistra.*
*A: Grazie mille!*
*B: Prego, non c'è di che!*

- Усно изразување:
- *Abito in centro città. Il mio quartiere mi piace molto. È tranquillo e pulito. C'è una scuola e un parco pubblico. Ci sono molti negozi e un mercato dove si può comprare la frutta e la verdura fresca. In centro del quartiere c'è una piccola piazza.*

- Усна интеракција:

*A: Scusi, signore c'è una banca qua vicino?*
*B: Sì, è a destra, vicino alla stazione ferroviaria.*
*A: Grazie.*
*B: Prego.*

*A: Scusi, signora dov'è il Museo?*
*B: È in via Manzoni.*
*A: E come ci arriviamo?*
*B: Andate sempre dritto, poi alla quinta traversa girate a sinistra.*

- Писмено изразување: *Il mio quartiere*. Учениците го опишуваат своето место на живеење, во едноставен текст.
- Проектна задача: *Туристички водич.* Наставникот им дели на секој ученик посебно одредена знаменитост од градот Рим. Секој ученик истражува на интернет со цел да најде фотографии, информации за одредена знаменитост на градот ,а потоа поделени во групи, изработуваат постер кој го изложуваат во училницата и го презентираат за време на часот.
- Проектна задача: Учениците бараат на интернет информации/фотографии за некој типичен кварт во Рим. Ги лепат на постер, а под нив ги впишуваат соодветните зборови и изрази. Потоа дискутираат за сличностите и разликите на населено место во Македонија и во Италија.
- Активности за увежбување на изговорот и за развивање комуникативна компетенција кај учениците: читање на глас, конверзација на италијански јазик, играње улоги, драматизации.

| **Тема 3: ЗДРАВЈЕ И ЗДРАВ НАЧИН НА ЖИВЕЕЊЕ**<br>Вкупно часови: 18 | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. Разбере глобално и детално краток слушнат и/или пишан текст на тема: здравје и здрав живот;<br>2. Праша/одговори за здравствената состојба;<br>3. Даде совет за здрав начин на живеење и здрава исхрана;<br>4. Искаже мислење поврзано со здрав начин на живеење и здрава исхрана;<br>5. Изрази согласување или несогласување со нечие мислење;<br>6. Ги опише своите навики за здрав начин на живеење, усно или во краток едноставен текст. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Говорни чинови:<br>• Прашување/одговарање за здравствената состојба (својата или на некој од блиското окружение);<br>• Давање совет;<br>• Искажување мислење;<br>• Искажување согласување или несогласување со нечие мислење. | • Разбира, во краток слушнат или пишан текст, зборови и искази поврзани со здравствената состојба, здрав живот и здрава исхрана;<br>• Именува поими и изрази поврзани со здравствена состојба;<br>• Ја опишува својата здравствена состојба, усно и во краток едноставен текст;<br>• Усно разменува информации за здравствената состојба;<br>• Разбира едноставни искази за барање и давање совет;<br>• Разбира едноставни искази за искажување мислење;<br>• Дава совети, на едноставен начин, поврзани со здрав живот и здрава исхрана;<br>• Усно, со едноставни изрази, искажува свое мислење за здрав начин на живеење; |

DRAFT

| | |
|---|---|
| | • Усно, со едноставни изрази, искажува согласување/ несогласување со нечие мислење;<br>• Ги опишува своите навики за здрав начин на живеење, во краток едноставен текст. |
| б) Лексички единици:<br>• Делови од човечкото тело: *testa, collo, braccio, mano, spalle, stomaco, gola, gamba, piede, ginocchio, schiena;*<br>• Здравствена состојба: *avere mal di + le parti del corpo umano; essere in buona salute, essere malato, sentirsi bene/male, stare bene/male;*<br>• Здрав начин на живеење:<br>*-sane abitudini: mangiare sano, seguire una dieta sana, mangiare frutta/verdure, dormire bene, camminare, fare esercizio fisico;*<br>*-cattive abitudini: mangiare in fretta, mangiare cibi pronti, non dormire a sufficienza, consumare troppi zuccheri, stare seduti molto tempo, bere bevande gassate …;*<br>• Изрази за давање совет: *Bisogna + infinito/non bisogna +infinito, ti consiglio di…, dovresti…, bisognerebbe…;*<br>• Изрази за согласување/ несогласување: *essere d'accordo, non essere d'accordo.* | • Разбира и именува зборови кои означуваат делови од човечкото тело;<br>• Издвојува најчести изрази поврзани со здравствената состојба и здравиот начин на живеење во слушнат /пишан текст;<br>• Пренесува значење на зборови и изрази поврзани со здравствената состојба и здравиот начин на живеење;<br>• Употребува најчести зборови и изрази поврзани со здравствената состојба;<br>• Употребува најчести зборови и изрази при опишување на здравиот начин на живеење;<br>• Употребува едноставни изрази за давање совет;<br>• Употребува едноставни изрази за согласување/ несогласување со нечие мислење. |
| в) Граматички содржини:<br>• Повторување и продлабочување на содржините од наставните програми за претходните одделенија :<br>- фонетика (изговор и правопис ),<br>- морфологија (член, именка, придавка, заменка, предлози, прилози, глаголски времиња и начини). | • Разликува и правилно изговара одредени гласови карактеристични за италијанскиот јазик во зборови, ритмички групи, реченици;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран/-а; |

| | |
|---|---|
| • Нови содржини:<br>- Именки (Sostantivi) (alcune forme irregolari del plurale): *il braccio – le braccia ; la mano – le mani; il dito – le dita;*<br>- Заменки (Pronomi)<br>-за директен предмет (POD): mi, ti, lo, la, ci, vi, li, le: *Prendi le vitamine regolarmente?- Sì, le prendo regolarmente*.;<br>-заменки за индиректен предмет (POI): mi, ti, gli, le, ci, vi, loro:<br>*Dottore, deve prescrivere a mio figlio qualche farmaco per il raffreddore? - Sì, gli prescrivo un antibiotico*.;<br>- Глаголски времиња и начини (Tempi e modi verbali):<br>-изразот: bisogna + infinito, potere + infinito, dovere + infinito:<br>*Bisogna camminare ogni giorno una ventina di minuti. Dovete mangiare spesso frutta e verdura.;*<br>-можен начин (condizionale presente) од најчестите глаголи: avere, essere, fare, dovere, potere:<br>*Dovresti fare molta attività fisica. Sarebbe meglio evitare cibi grassi.;*<br>-негативна форма од заповеден начин (forma negativa dell'imperativo): mangiare, prendere, bere, fare, dormire;<br>*Non mangiare cibi grassi! Non stare seduto tutto il giorno davanti al computer!;*<br>- Прилози (Avverbi)<br>-за начин *(di modo) :* velocemente, tranquillamente;<br>*Bisogna seguire tutti i consigli del medico per guarire* | • Ги употребува заменките за директен и за индиректен предмет во даден контекст;<br>• Ги употребува формите на можен начин од најчестите глаголи: *avere, essere, fare, dovere, potere,* при давање совет;<br>• Ги употребува формите на заповеден начин при давање совет;<br>• Употребува најчести прилози и предлози во едноставни реченици;<br>• Составува правилно едноставни расказни реченици во одречна форма. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| *velocemente.;*<br>- Реченица (Frase):<br>-одречна форма (forme negativa) : non… niente/mai/ più:<br>*Non puoi mantenere una buona forma* fisica perché *non segui mai i consigli dei medici e non fai più nessuna attività fisica.* | |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Навики за здрав начин на живеење кај младите;<br>• Односот на младите кон здравиот начин на живеење. | • Искажува свое мислење за навиките на младите поврзани со начинот на живеење;<br>• Искажува свое мислење за односот на младите од своето окружение кон здравиот начин на живеење. |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Вообичаени активности за почнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден во неделата на табла и во тетратка, пеење претходно научена песничка.
- Подредување зборови во кратки реченици.
- Пополнување празни места во табели и реченици.
- Прашување/одговарање за здравствената состојба (својата или на некој од блиското окружение) кај лекар.
- Учениците во групи добиваат ливчиња со придавки, кои треба да ги трансформираат во прилози и да состават неколку едноставни реченици. На табла ги запишуваат во колони (придавка, прилог за начин, реченица) и доколку има потреба меѓусебно се коригираат.
- *Fai sport?* Наставникот запишува на табла неколку прилози за начин (*regolarmente, raramente, spesso, quotidianamente*), го објаснува значењето на зборовите. Потоа го запишува на табла прашањето, пр. *Tu fai sport?* и одговара: *Io faccio sport raramente, e tu?* Учениците индивидуално даваат одговори на прашањето, користејќи ги дадените прилози за начин.



DRAFT

- Наставникот црта на табла две колони (придавки, прилози). Учениците набројуваат придавки кои претходно ги учееле. Наставникот запишува неколку придавки во првата колона и соодветните прилози во втората колона. Преку тие примери, како и прашања од наставникот, учениците доаѓаат до правилото за образување на прилози за начин.
- Наставникот покажува слики, илустрации, според кои учениците составуваат кратки реченици поврзани со здрав живот (*Bisogna mangiare sano. Bisogna dormire bene. Bisogna fare sport regolarmente.)*
- Набљудувајќи ги речениците за барање и давање совет, учениците ги откриваат заменките за директен предмет. Наставникот ги запишува заменките на табла, а потоа учениците составуваат реченици од типот: *Segui regolarmente la dieta prescritta? - Sì, la seguo.*
- *Петоред.* Учениците во групи креираат петоред на тема Здрав живот (една именка, две придавки, три глаголи, четири прилози, реченица). Изработките ги презентираат пред одделението и ги изложуваат во училницата
- *Доаѓање до правилото.* Учениците ги набљудуваат глаголите употребени во речениците за давање совет од претходната активност и заедно со наставникот доаѓаат до начинот на образување можен начин. Потоа учениците дополнуваат реченици со глаголи во можен начин. Ги читаат речениците и даваат препоставки за што се користи тој начин.
- *Составување реченици.* Во мали групи, учениците пишуваат на лист хартија по три реченици во кои се употребени глаголи во можен начин. Потоа ги разменуваат листовите и прават заемна проверка/корекција.
- *Le azioni del corpo*. На табла е прикажано човечкото тело (постер, цртеж). Покрај приказот се залепени картички со зборови за деловите од човечкото тело. Наставникот кажува реченици со изучени глаголи (*Si mangia con la bocca*), преку кои учениците ги препознаваат деловите од телото и ја лепат картичката на соодветното место на постерот. Може да се употреби и *Тркало* со напишани реченици.
- *Tocca + le parti del corpo.* За увежбување на зборовите за деловите на човечкото тело се игра играта *Tocca….* и се наведува дел од телото. Учениците треба да си го допрат бараниот дел од телото.
- *Attività di rilassamento.* Учениците го гледаат видеото од песната *Se sei felice*, потоа пеат и танцуваат следејќи го видеото.
- *Mi fa male dappertutto*. Учениците го откриваат изразот *mi fa male* + делови од телото, преку песна (пр. *Dalla testa in giù, Giochiamo con il corpo*). Потоа наставникот прикажува делови од телото (слики, постер) за кои учениците составуваат реченица со изразот *avere mal di* +делови од телото …, *mi fa male* +делови од телото.
- *Problemi di salute*- Учениците се делат во парови. Еден ученик од парот имитира некој здравствен проблем, а другиот ученик погодува што го боли и го запишува изразот на табла.
- *Доаѓање до значењето*. Во замислена ситуација во која учениците се на екскурзија во Италија, некој ученик има здравствен

DRAFT

проблем. Во дадена табела, во работен лист, во левата колона, учениците, поделени во парови, запишуваат зборови и изрази, на мајчин јазик, со кои се искажува можна здравствена состојба (болка во стомак / главоболка, настинка…), и што би презеле за надминување на таа состојба (витамини, лек, чај, одмор…). Наставникот ги запишува предложените зборови и изрази на табла, во левата колона од табела. Потоа, во текст на италијански јазик на дадената тема, учениците, по насока од наставникот, ги подвлекуваат и ги запишуваат во десната колона од табелата изразите со *avere, essere, fare* и делови од човечкото тело. Потоа секој ученик индивидуално ги поврзува изразите на мајчин јазик со италијанскиот еквивалент. На крајот се прави проверка на претпоставките за решенијата, а наставникот ги внесува точните одговори на табла.

- *Dare un consiglio*. Учениците гледаат видео поврзано со давање совет (ситуација кај лекар, во аптека). Наставникот поставува прашања за глобално разбирање на видеото. При второто гледање, со паузи, учениците ги издвојуваат изразите за давање совет и ги запишуваат во тетратка.
- *Подредување реплики во дијалог*. Учениците по групи добиваат исечоци со реченици од дијалогот од претходната вежба и ги подредуваат по логичен редослед за да состават дијалог. Еден ученик од секоја група го чита составениот дијалог на глас. Потоа се натпреваруваат која група најдобро ќе го прочита и ќе го одглуми дијалогот.
- *Умна мапа (mappa mentale)*. Учениците именуваат поими и изрази поврзани со здравствена состојба според визуелни прикази (картички, слики) и на хамер креираат умна мапа поврзана со темата *Здравје*.
- *Dal medico* - Игра по улоги. Два ученика, во улога на пациент и лекар, составуваат едноставни дијалози во кои искажуваат здравствена состојба односно даваат совет.
- Учениците, во даден текст, врз основа на претпоставки, подвлекуваат зборови и изрази поврзани со здрав начин на живеење. Потоа ги кажуваат, а наставникот ги запишува на табла и по потреба ја дополнува листата со нови зборови и изрази. Учениците даваат претпоставки за значењето на соодветните зборови и изрази. Ги презентираат, а наставникот коригира и заеднички доаѓаат до значењето. Потоа неколку ученици го читаат текстот на глас.
- *Buone / cattive abitudini.* На работен лист во две колони (buone / cattive abitudini), учениците пишуваат поими и изрази поврзани со здравиот начин на живеење. Секој ученик чита по еден исказ (пр. *Bisogna mangiare sano. Non bisogna consumare troppi zuccheri*) и го пишува на табла во соодветната колона и на тој начин се прави заедничка проверка.
- *Conduci una vita sana*? Учениците на едно ливче пишуваат по две реченици со позитивни и негативни примери за својот начин на живеење. Потоа ги читаат, еден од учениците ги запишува на табла во две колони, едната за здрави навики а другата за лоши навики. Потоа, во групи, учениците даваат по еден совет за надминување на лошите навики и ги презентираат пред соучениците.

- *Sono d'accordo/ Non sono d'accordo*. Учениците искажуваат усно согласување/несогласување со изразите за позитивни и негативни примери на начин на живеење дадени во претходната активност.
- Учениците дискутираат за навиките на младите поврзани со начинот на живеење.
- *Бура на идеи: Vivere senza stress*. Учениците, во групи, пишуваат по три реченици со идеи за живот без стрес. Претставник од секоја група ги запишува на табла.
- *Активност со картички.* Наставникот ги дели учениците во групи. На секоја група дели листови на кои има реченици со празни места и картички на кои се наоѓаат заменките за директен/индиректен предмет. Секоја група ја сече од картичката точната заменката и ја лепи на соодветното празно место во реченицата. Победник е онаа група која има најмногу точни одговори.
- Учениците го увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, меморија, осумнасочник, парови, точно/неточно, квиз… (креирани од наставникот или веќе постоечки на страниците на: Liveworksheets, WordWall, LearningApps, Kahoot).
- Слушање/ читање со разбирање текст и одговорање на прашања од типот: *Chi? Che cosa? Quando? Come? Dove?,* точно/неточно (vero/falso), отворени прашања, прашања за поврзување информации или прашања со повеќечлен избор.

  *Medico: Buongiorno! Prego, si accomodi!*
  *Giovanni: Buongiorno, dottore!*
  *Medico: Mi dica, che cosa ha?*
  *Giovanni: Ecco da qualche giorno ho un forte mal di gola e tossisco.*
  *Medico: Deve prendere questo farmaco per cinque giorni.*
  *Giovanni: Grazie, dottore. ArrivederLa.*

  *Mantenere una buona forma fisica è importante per il nostro benessere generale. Bisogna dormire bene, mangiare sano e fare sport. Dobbiamo fare attività fisica tutti i giorni, camminare tanto e andare in bicicletta. È importante anche stare all'aperto e rilassarsi.*

- Усно изразување:
  *-Per rimanere in buona forma mangio tanta frutta e tanta verdura. Vado a scuola in bicicletta. Ogni tanto gioco a pallacanestro con gli amici.*

- Усна интеракција:
  *Claudia: Come ti senti oggi?*
  *Pietro: Non mi sento bene, mi fa male la testa.*
  *Claudia: Dovresti riposare e bere molte tisane.*

- Писмено изразување. Во едноставен текст, учениците ги опишуваат своите навики за здрав начин на живеење.
- Проектна задача - Изработка на постер на тема: Навики за здрав начин на живеење.
- Учениците дискутираат за односот на младите од своето окружение кон здравиот начин на живеење.
- Активности за увежбување на изговорот и за развивање комуникативна компетенција кај учениците: конверзација на италијански јазик, играње улоги, драматизации.

**Тема 4: МОИТЕ ПЛАНОВИ**
Вкупно часови: 14

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен-на да:

1. Разбере глобално слушнат и/или пишан текст поврзан со планови за иднина ;
2. Побара и даде информации за планови за идна професија;
3. Го претстави усно или писмено својот план за викенд / распуст.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Говорни чинови:<br>• Барање/давање информации за идни активности;<br>• Искажување планови за идни активности;<br>• Барање/давање информации за планови за идна професија;<br>• Искажување планови и/или желби за идна професија. | • Разбира зборови и изрази од слушнат и/или пишан текст поврзан со планови и желби, свои и на други, за иднина (викенд, распуст), професии;<br>• Разменува информации за идни активности (викенд, распуст) ;<br>• Ги искажува усно своите желби за идна професија;<br>• Составува едноставен текст во кој ги претставува своите планови за активности за време на викенд или распуст. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| б) Лексички единици:<br><br>• Активности за време на викенд/распуст: i*l fine-settimana, vacanze estive /invernali, divertimento/ progetti, viaggio, fare progetti, viaggiare, divertirsi, uscire, fare picnic, riposare, andare al cinema, dormire fino a tardi, …;*<br>• Училишта и професии: *liceo scientifico/artistico/ linguistico…, istituto tecnico, istituto professionale per i servizi alberghieri/ i servizi commerciali/ la sanità e assistenza sociale …;*<br>*medico, insegnante, avvocato, musicista, giornalista, agente di polizia, informatico…* | • Разбира и набројува зборови и изрази што означуваат активности за време на викенд/распуст;<br>• Пренесува зборови и изрази поврзани со идни активности;<br>• Употребува, при усно искажување, зборови и изрази поврзани со активности за време на викенд/распуст;<br>• Разбира и именува зборови што означуваат училишта и професии;<br>• Објаснува зборови поврзани со училишта и професии;<br>• Употребува зборови поврзани со училишта и професии. |
| в) Граматички содржини:<br>• Повторување и продлабочување на содржините од наставните програми за претходните одделенија :<br>- фонетика (изговор и правопис ),<br>- морфологија (член, именка, придавка, заменка, предлози, прилози, глаголски времиња и начини)<br>- реченици (расказна: потврдна и одречна, прашална (interrogativa), извична.<br><br>• Нови содржини:<br><br>- Глаголски времиња и начини (Tempi e modi verbali):<br>-идно време (futuro semplice);<br>-можен начин (condizionale presente): essere, volere, potere, fare;<br>- Прилози (Avverbi):<br>-за време (di tempo)*: domani, dopodomani, dopo, più* | • Разликува и правилно изговара одредени гласови карактеристични за италијанскиот јазик во зборови, изрази, ритмички групи, реченици;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран/-а;<br>• Ги препознава и ги употребува формите на идно време (futuro semplice) и на сегашно време од можен начин (condizionale presente);<br>• Ги употребува прилозите за време *: domani, dopodomani, più tardi;*<br>• Употребува соодветни предлози во едноставни реченици при искажување планови за викенд/распуст и за иднина. |

| | |
|---|---|
| *tardi.* | |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Професиите што ги избираат младите во Италија и во Македонија. | • Дискусија за изборот на идната професија од страна на младите. |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Вообичаени активности за почнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден во неделата на табла и во тетратка, пеење претходно научена песничка.
- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за италијанскиот јазик. Пр.: повторување кратки искази по слушнат модел.
- Подредување зборови во кратки реченици.
- Пополнување празни места во табели и реченици.
- *Доаѓање до правилото (правилни глаголи во идно време)*. Учениците ја слушаат песната од Francesco de Gregori „Donna cannone" или некоја друга песна која содржи глаголски форми во идно време и гледаат видео од песната. Потоа наставникот им го дели текстот од песната на учениците кои, според насока од наставникот, ги подвлекуваат познатите глаголски форми со зелена боја а оние кои за првпат ги сретнуваат со црвена боја. Ги препишуваат во тетратка глаголите подвлечени со црвена боја, ги кажуваат, а наставникот ги запишува на табла. Ги заокружува правилните глаголски форми во идно време (пр. prendere, uscire…). Учениците ги набљудуваат тие глаголски форми и ја идентификуваат основата на глаголот и наставката во соодветното лице. Наставникот ги заокружува наставките. Учениците ги определуваат лицата кои соодветствуваат на наставките за идно време и ги впишуваат во табела во тетратка, а наставникот на табла. На крај, заеднички доаѓаат до правилото за образување идно време.
- *Доаѓање до правилото (неправилни глаголи во идно време).* Наставникот на табла ги запишува неправилните глаголи од текстот од претходната активност. Учениците ги кажуваат основите за идно време, наставникот ги подвлекува. Делот од глаголот што останува неподвлечен го препишува во лева колона од табела, а учениците ги препишуваат во своите тетратки. Во парови, според претпоставки, ја впишуваат соодветната форма на инфинитивот од глаголот. Ги кажуваат решенијата и заеднички, со помош на наставникот, доаѓаат до формите на најчестите неправилни глаголи во futuro simplice (essere, avere, …).

- *Игра со топче*. Еден ученик во рака држи топче и кажува реченица во која е употребен глагол во сегашно време. Го фрла топчето на друг ученик, кој истата реченица ја кажува во идно време. Потоа тој ученик кажува реченица во сегашно време, го фрла топчето на трет ученик, кој на истиот принцип ја продолжува играта.
- *Игра со глаголи и прилози за време.* На ливчиња ставени во кутија се напишани глаголи од трите групи во инфинитив (може да се користи и *Тркало*). На страните на една коцка се напишани прилози за време (ieri, prima, oggi, adesso, domani, dopodomani…). Ученикот влече ливче од кутијата, ја фрла коцката и составува реченица во соодветното време (минато, сегашно, идно), според извлечениот глагол и прилогот за време.
- *Доаѓање до значењето* (*I passatempi)*. Наставникот на табла го запишува зборот: *I passatempi.* Учениците кажуваат зборови и изрази кои ги поврзуваат со дадениот збор. Наставникот ги запишува на табла. Пр.: *viaggiare, divertirsi, uscire, andare al cinema/a teatro, leggere, ballare, …* Потоа наставникот покажува слики на кои се претставени активности од слободното време, а учениците даваат претпоставки за зборовите и изразите кои ги означуваат тие активности. Со помош на наставникот учениците ја проверуваат точноста на претпоставките. Наставникот ги запишува на табла новите зборови и изрази.
- *Техника Аквариум*. Наставникот запишува на ливчиња прашања од типот: *Dove trascorrerai le vacanze estive/il fine settimana? Dove andrai dopo la scuola*? и ги става во кутија. Секој ученик влече ливче со прашање и дава одговор во идно време.
- *Доаѓање до значењето (Le professioni*). Наставникот го запишува зборот *Le professioni* на табла. Учениците кажуваат зборови што ги поврзуваат со дадениот збор. Наставникот ги запишува на табла, пр.: *cantante, attore, insegnante*, ... Потоа наставникот покажува слики на кои се претставени професии, а учениците даваат претпоставки за зборовите кои ги означуваат тие професии. Наставникот коригира, дополнува и ги запишува новите зборови на табла.
- Увежбување на зборови кои означуваат професии. Наставникот последователно ги покажува сликите од претходната активност, а учениците, еден по друг, ги кажуваат зборовите.
- *Доаѓање до правилото.* Наставникот запишува на табла реченици во кои се употребени глаголски форми за можен начин. Пр. : *Vorrei essere dentista. A me invece piacerebbe fare l'attore. Mia sorella vorrebbe diventare avvocato.* Потоа ги запишува во паралелна линија истите реченици, но со глаголски форми во *futuro semplice*. Учениците, на барање од наставникот, прават разлика меѓу двете глаголски форми и доаѓаат до правилото за образување сегашно време од можниот начин.
- *Мојата желба.* Учениците, во парови, пишуваат на лист, реченици во кои искажуваат желба употребувајќи ги глаголските форми за можен начин. Потоа ги разменуваат листовите и прават заемна проверка/корекција.
- *Il futuro nella sfera di cristallo* (*Иднината во кристална топка*). Активноста се реализира во парови или во мали групи. Наставникот однапред подготвува два работни листа, на првиот работен лист се нацртани кристални топки обележени со броеви од 1 до 10, со измешан редослед, вториот работен лист содржи 10 прашања со глаголи во идно време. Еден ученик, со

затворени очи, покажува со прст некоја кристална топка, соученикот што седи од неговата десна страна гласно го чита прашањето од вториот работен лист што одговара на бројот на кристалната топка. Ученикот што ја избрал кристалната топка одговара на соодветното прашање употребувајќи идно време. Потоа ученикот што го прочитал прашањето замижува и бира кристална топка. И така по ред. Им се советува на учениците да даваат креативни одговори. (Пр.: Dove abiterai fra 20 anni? Come saranno gli smartphone tra 40 anni? …)

- *Песна и глаголи во идно време.* Учениците слушаат песна (пр. Marco Mengoni - Guerriero) и ги дополнуваат глаголите кои недостасуваат во текстот од песната, даден од наставникот. По второто слушање на песната заеднички ја проверуваат точноста на дадените одговори.
- Слушање/читање со разбирање на многу краток текст и одговарање на прашања од типот: *Chi? Che cosa? Quando? Come? Dove?*, точно/неточно (vero/falso), отворени прашања, прашања за поврзување информации или прашања со повеќечлен избор.

*-Ciao, abbiamo deciso di fare un video con le interviste dei nostri compagni di scuola. Il progetto si intitola „Cosa farai durante le vacanze estive? "*

*Ecco le loro risposte:*
*Paolo: Io andrò a Berlino per imparare il tedesco.*
*Matteo: Io mi iscriverò ad un corso di informatica.*
*Francesca: Io continuerò ad esercitarmi con il violino.*
*Roberta: Io seguirò un corso di scrittura creativa. Sarò una grande scrittrice, vedrete!*

- Усно изразување:
  *-Quest'estate andrò a visitare Venezia con i miei genitori. È una città meravigliosa. Ci andrò in macchina. Faremo anche un giro della laguna. Mi piacerebbe visitare anche il famoso Museo di Murano.*

- Усна интеракција:
  *Giorgio: Che lavoro farai da grande?*
  *Luca: Io farò l'infermiere, lavorerò in ospedale.*
  *Silvia: E tu, Gianna?*
  *Gianna: Io aprirò un ristorante e cucinerò dei cibi meravigliosi. Diventerò una cuoca famosa.*

- Писмено изразување. Во краток едноставен текст, учениците ги опишуваат своите планови за одмор/викенд/идна професија.

DRAFT

- Проектна задача: *Le nostre professioni preferite*. Секој ученик на ливче ги запишува своите три омилени професии. Два ученика од одделението ги собираат ливчињата, по што едниот ги чита одговорите, а другиот ги запишува на табла. Потоа сите ученици заеднички ги утврдуваат десетте најомилени професии во паралелката. На крајот сликовито и со зборови ги претставуваат на хамер.
- Учениците дискутираат за изборот на најчестите професии од страна на младите.
- Активности за увежбување на изговорот и за развивање комуникативна компетенција кај учениците: читање на глас, конверзација на италијански јазик, играње улоги, драматизации.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. При тоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите, наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс на основа на пол. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

# ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок на учениците за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците. Бидејќи во шесто одделение по предметот италијански јазик учениците ги совладуваат сите четири јазични вештини: слушање со разбирање, почетно читање со разбирање, говорење (говорна интеракција и продукција) и почетно пишување (писмена продукција), наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во куси дијалози со примена на усвоениот вокабулар;
- усното изразување на доволно правилен начин за да биде разбран;
- вербалното и невербалното реагирање по слушнат исказ;
- разбирањето на куси слушнати и /или пишани искази и куси дијалози, куси стихотворби, едноставни песни;
- правилното пишување зборови, куси реченици и куси дијалози, како и пишување по звучен модел - диктат;
- пишувањето кратки и едноставни реченици и текстови на зададени теми;
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето;
- индивидуалните и групните изработки на проектни задачи (постери, илустрации, …);
- домашни задачи.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |

DRAFT

| | |
|---|---|
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по *Италијански јазик* за IX одделение.** | бр. ___________<br>_______________ година<br><br>Министер за образование и наука,<br><br>____________________________ |

DRAFT